РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1112/4
17 -02- 2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 82-та седница одржана на ден 14.02.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката на ДКСК по предмет број 08-4315/1 од 30.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____, Член на надзорен одбор во _____, СЕ ЗАПИРА.

Прекршочната комисија со Решение број 14-9050/4 од 16.12.2022 година сторителот _____ го огласила за одговорен за прекршокот по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон и му изрекла прекршочна санкција – глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 08-6810/1 од 14.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од Службен весник број _____ од 2021 година утврди дека _____ од Скопје со Решение број _____.2021 година е именуван на функцијата Член на надзорен одбор во _____.

Од својата евиденција ДКСК утврди дека лицето _____, во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на именувањето на наведената функција, не поднело анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог број 08-1112/2 од 16.02.2022 година за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на тоа што лицето _____, во законски предвидениот рок не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-9050/4 од 16.12.2022 година _____ го огласи за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон и му изрече прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност .

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска